

Дрен(Cornus mas) е листопадна грмушка или ниско дрво со заоблена густа крошна. Расте секаде,а најповеќе по суви сончеви и камененити страни на светлите листопадни шуми заедно со други грмушки . Се одгледува и во во градините и во парковите поради убавите жолти цветови и хранливите плодови.

Најкорисен е во близина на пчеларниците каде треба да се одгледува. Најдобро успева на варовничко топло и суво земјиште.Не бара длабоко земјиште .Цветовите се жолти и се јавуваат пред појавата на листовите.

Како и леската изобилува со поленов прав. Претставува посигурна пчелина паша од леската. Тоа е така бидејки температурите на почетокот на март се постабилни . Периодот на цветање на дренот е околу 15 дена. Дренот има огромно значење за разојот на пчелината заедница. Имајки во предвид дека за развој на пчелиното легло е неопходна перглата, која пчелите ја добиваат со преработка на поленот, раната поленова паша е извонреден биостимулатор за активирање на пчелината заедница и интензивно несење на матицата. Лековити се неговите плодови од кои се прават сокови,пекмези и др.